# МАКЕДОНСКИ МЕСНО – ХЕРАЛДИЧКИ СИСТЕМ

*Иван Нацевски*

**ТЕРИТОРИЈАЛНАТА** хералдика претставува дел од целокупната хералдичка наука, којашто се занимава со проблематиката на грбовите на одделните територијални единици, во рамките на една хералдичка јурисдикција. Во таа смисла, вреди да се напомене дека таа е една од постарите хералдички дисциплини, бидејќи грбовите на градовите и териториите се јавуваат мошне рано во развојот на хералдиката.

Во Република Македонија, сите единици на локалната самоуправа (ЕЛС) имаат грбови и знамиња. Ако се погледне внимателно, ќе се види дека постои огромна разновидност и несогласеност меѓу овие симболи. Ставени едни до други, од нив не се добива претстава за припадност кон заеднички систем на симболи од една земја, туку за спорадични решенија коишто служат само за да постојат. Ова, само по себе, укажува на потребата од систематизација и организација на истите. Се разбира, има и солидни решенија што може да се сметаат за хералдички или пак, условно кажано за „близу хералдички“[1], но таквите се почесто исклучок отколку правило.

Земајќи го ова предвид, Македонското хералдичко здружение (МХЗ) усвои норми што сочинуваат систем, според којшто ќе може да се создаваат (и во определени случаи прилагодуваат) месни хералдички грбови. Овој меснохералдички систем сообразува со позитивните правни норми на Република Македонија, пропишани со Законот за локална самоуправа и Законот за територијална организација на локалната самоуправа. Како симболи во меснохералдичкиот систем на МХЗ влегуваат: хералдички грбови, знамиња, хералдички значки и печати.

Бидејќи грбот на општините наоѓа широка и најразлична примена во секојдневната практика, системот предвидува три негови форми: мала, средна и голема. Прв чекор за стандардизирање



**Палисадна круна според системот на МХЗ / The system's palisade crown**

# MACEDONIAN MUNICIPAL HERALDRY SYSTEM

*Ivan Nacevski*

**TERRITORIAL** heraldry is part of an overall heraldic science that deals with the issue of Arms of different territorial units within a heraldic jurisdiction. In this respect it is worth noting that it is one of the older heraldic disciplines since Arms of cities and territories occur very early in the development of heraldry.

In the Republic of Macedonia all Local Self-Government Units (LSGU) have flags and Coats of Arms. If you look carefully, you will see that there is a great diversity and non-congruence between these symbols. Placed side by side, one does not get an impression that they belong to a common system of symbols of a country, but they seem like sporadic solutions that serve only to exist. This, by itself, indicates the need for systematization and organization of the mentioned symbols. Of course, there are solid solutions that can be considered for heraldic or figuratively speaking "quasiheraldic"[1], but these are an exception rather than a rule.

Taking this into account, the Macedonian Heraldry Society (MHS) has adopted rules that make up a system by which one can create and, in some cases, adapt certain heraldic Arms. This local heraldic system complies with the applicable legal norms of the Republic of Macedonia prescribed by the Local Government Act and Territorial Organization of Local Self-Government. As symbols, the local heraldic system of MHS includes: heraldic Coat of Arms, flags, badges and heraldic seals.

Because the Arms of municipalities has a variety of different uses in everyday practice, the system provides three forms of the Arms: small, middle and great. The first step for standardizing the Arms of LSGUs was to form the small version of the Arms, i.e to prepare a single shield for all uses. Thus, a gothic shield with

на грбовите на ЕЛС беше да се изедначи малата форма на грбот, т.е. да се изготви еден единствен штит за севкупна употреба. Така беше изработен еден готски штит со сооднос на страните 6:5.[2] Со ова, малата форма на грбовите на ЕЛС добива еднаква надворешна контура.

Вториот чекор за стандардизирање се однесува на положбата на секоја ЕЛС, пропишана според Законот за територијална организација на истите. Ова е сторено со доделување рангови на круни, коишто можат да бидат поделени во две групи, урбани и рурални – соодветно за ЕЛС со урбано или рурално седиште. Понатаму, круните се поделени во подгрупи, па така ги има следните урбани круни: круна на главен град, круна на историска престолнина, круна на скопска урбана општина и основна урбана круна; и следните рурални круни: житна, афионска и палисадна круна. Со ова се добива средната форма на грбовите.

Третиот чекор е додавањето хералдички венец на грбот. Венецот може да се однесува на статусот на ЕЛС кога е во прашање главен град или историска престолнина, но во останатите случаи преку него се остава простор за истакнување на уникатноста на секоја поединечна ЕЛС. На ваков начин се добива големата форма на грбот. Дополнително, грбот може да добие мото, а на големата форма можат да се истакнат и одликувања доколку носителот поседува такви. Намената и употребата на секоја од трите форми на грбот е пропишана со Правилник за употреба на грб и знаме, којшто го изработува МХЗ за потребите на секоја посебна ЕЛС.

Во однос на знамињата во рамките на меснохералдичкиот систем, МХЗ предвидува секоја ЕЛС да поседува сопствен бајрак со сооднос на страните 2:3. Ова значи дека кога бајракот на некоја ЕЛС ќе биде поставен до државното знаме со иста ширина, првиот ќе биде пократок и на тој начин ќе се обезбеди доминација на државното знаме. Во однос на содржината на бајракот, меснохералдичкиот систем се залага за композиција, заснована на малиот грб, но не дозволува целосно пресликување на блазонот на истиот, бидејќи такво знаме во облик на хералдички стег



**Основна урбана круна според системот / The system's basic urban crown**

proportions of 6:5 was defined.[2] With this form of small Arms the LSGUs receive an equal outer contour.

The second step for standardization refers to the position of each LSGU prescribed by the Law on territorial organization. This is done by assigning rank crowns that can be divided into two groups: urban and rural, appropriately for LSGUs with urban or rural seats. Furthermore, the crowns are divided into subgroups, so that there are the following urban crowns: the crown of the capital, the crown of a historic capital, the crown of a municipality within the City of Skopje, and a basic urban crown as well; and the following rural crowns: wheat, poppy and palisade crown. With these crowns, the middle form of Arms is formed.

The third step is the addition of a heraldic wreath to the Arms. The wreath can be related to the status of the LSGU, for example if it is the capital or a historical capital, but in other cases it provides space for highlighting the uniqueness of each individual LSGU. In this way the great Arms are formed. Additionally, the Arms might have a motto, as well as decorations if such are owned by the holder of the Arms. The purpose and use of each of the three forms of the Arms are prescribed by the Rulebook for the Use of Arms and the Flag, which MHS prepares for the needs of each separate LSGU.

Regarding the flags within the local heraldic system, MHS proscribes that each LSGU has its own banner in proportions of 2:3. This means that when the flag of an LSGU will be flown next to the national flag with the same width, it will be shorter and thus the dominance of the national flag will be ensured. Regarding the contents of the flag, the local heraldic system favors composition based on the small Arms but does not allow full replication of the same blazon such as a flag-shaped heraldic banner of Arms, which is envisaged for use as the standard of the Mayor of an LSGU. Permissible are special ceremonial flags such as gonfalons. The purpose and use of flags is also provided with the said Rulebook.

се предвидува како стандард на градоначалникот на ЕЛС. Дозволена е и изработка на специјални церемонијални знамиња како хоругви. Намената и употребата на знамињата исто така е пропишана со споменатиот Правилник.

Хералдичките значки, иако не се задолжителен дел од хералдичките достигнувања, може да се засноваат на дел од грбот, но може и да бидат независни од него. Хералдичките значки во никој случај не претставуваат целосна копија на малиот грб. Хералдичките значки претставуваат ознаки, носени само од вработените во администрацијата на секоја посебна ЕЛС, и не треба да се поистоветуваат со други можни значки од чисто рекламно-промотерски или комерцијален карактер.

На печатите на ЕЛС се користи средната форма на грбот. Ова е со цел да се нагласи официјалноста на печатот, и е во согласност со употребата на одделните форми на грбот, пропишани со Правилникот за нивна употреба.

Досега, кај нас е изработен еден грб според нормите на овој систем. Тоа е грбот на Општина Радовиш. Со ваквите норми, месносхералдичкиот систем ќе ја доближи македонската месна хералдика до земјите каде што оваа проблематика има и поголема традиција, но и поголемо внимание. Тука пред сè се мисли на Португалија и Шпанија, а доказ дека и малите земји треба да се занимаваат со оваа проблематика се Хрватска и Грузија, каде што месносхералдичките системи се од сосема нов датум. ■



**Венец според системот на МХЗ / A wreath according to the system**



**Голема форма на грб според системот / Greater Arms according to the system**



**Голема форма на грб според системот / Large Arms according to the system**

Heraldic badges, though not a mandatory part of heraldry achievements, can be based on the Arms, but may also be independent of it. Heraldic badges in no way constitute a complete copy of the small Arms. Heraldic badges are worn only as insignia of the staff in the administration of each separate LSGU, and should not be confused with other possible badges of a pure advertising, promoting or commercial character.

The seals of LSGUs use the middle form of the Arms. This is designed to highlight the officiality of the seal and is in accordance with the use of the forms of Arms prescribed by the Rulebook for their use.

So far, only one Coat of Arms of an LSGU has been made according to the norms of the system. That is the Arms of the Municipality of Radoviš. With such norms, the local heraldic system will bring the Macedonian local heraldry closer to countries where this issue has more tradition and more attention is paid to it. This mainly refers to Portugal, Spain, and also a proof that other smaller countries have to deal with this issue are countries such as Croatia and Georgia, where their respective local heraldic systems are of quite a recent date. ■

**НАВОДИ • ENDNOTES**

[1] Јован Јоновски, Месна хералдика во Република Македонија, Македонски хералд бр.6, септември 2012
[2] Јован Јоновски, Штитот во македонската месна хералдика, Македонски хералд бр.8, јуни 2014